АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# **ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА**

СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ 2026

## **Извештај за финансиското работење**

1. **Структура на остварени приходи и расходи заклучно со 31.12.2025**
   **Сметка 603 (буџетска)**
   **Приходи за: основни плати и придонеси за социјално осигурување**
   *Конто 401 и 402 реализирани се вкупно 59.613.017 ден.

Останатите трошоци на установата се прикажани во Образец бр. 4, 5 и 6 кои се доставени до Министерството за култура и туризам како составен дел на двата шестмесечни извештаи за работењето на установата за 2025 година.

## **Извештај за реализација на Годишната програма за работа и вонпрограмските активности**

Годишната програма за работа на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија се реализира согласно Договорот за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија за 2025 година со Министерството за култура и туризам во областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство (бр. 31-2305/1 од 03.03.2025 година), Анекс на Договорот за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија за 2025 година со Министерството за култура и туризам во областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство бр. 31-2305/9 од 30.06.2025 година, Анекс кон Договорот бр. 31-2305/1 од 03.03.2025 година и Анекс Договор бр. 31-2305/9 од 30.06.2025 година за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Археолошки музеј на Р.С. Македонија - Скопје од областа на музејската дејност и заштита на нематеријалното културно наследство бр. 31-2305/30 од 14.11.2025 година, Договорот за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија за 2025 година со Министерството за култура и туризам во областа на заштитата на недвижното културно наследство бр. 32-1947/1 од 25.02.2025 година, Договорот за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија – Скопје за 2025 година со Министерството за култура и туризам од областа на меѓународната дејност бр. 33-1453/1 од 20.02.2025 година и Договорот за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија – Скопје за 2025 година со Министерството за култура и туризам од областа на инвестициско одржување и набавка на опрема бр. 50-2954/1 од 07.03.2025 година.

## Музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство:

1. **Систематски археолошки истражувања во неолитската населба Тумба Маџари во Скопје од почетокот на 6 милениум п.н.е.**

Раководител на проектот: м-р Елена Стојанова Канзурова, археолог, кустос советник; членови на стручен тим: д-р Перо Синадиновски, археолог; м-р Буњамин Џемаиљи, археолог, виш кустос; Благоја Китановски, археолог, кустос; Јовица Ристов, археолог; м-р Сашко Василевски, археолог; Марија Видеска, архитект; Перо Кованцалиев, конзерватор; Наталија Марчевска, апсолвент по археологија; Тони Митрев и Блаже Митревски, помошно-технички лица.

Проектот од национален интерес во културата за 2025, *“Систематски археолошки истражувања во неолитската населба Тумба Маџари во Скопје од почетокот на 6 милениум пр.н.е”* како дел од Годишната програма за работа на Археолошкиот музеј, започна во предвидениот рок, на 17.06.2025, согласно Дозволата за вршење на археолошки истражувања, издадена од Управата за заштита на културното наследство (бр. УП 08-555 од 13.06.2025 и 03 580/7 од 17.06.2025). Министерството за култура и туризам за овој проект одобри 300.000 ден. (арх.бр.03 139/1 од 12.02.2025). Во првата фаза на овој проект, Министерството за култура и туризам му преведе на Археолошкиот музеј 210.000 ден. (бр.31-2305/8 од 12.06.2025). Во втората фаза Министерството за култура и туризам му преведе на Археолошкиот музеј 90.000 ден. (бр.31-2305/18 од 07.09.2025).

Според Основниот план за археолошки истражувања, активностите на овој проект се реализирани во периодот од 17.06.2025 до 11.08.2025.

Истражувањата се реализираа во КП 570/4 (по одобрение на имателот, ЕВН Македонија-Акционерско друштво за услуги), и во постоечката квадратна мрежа на локалитетот, во просторот на КВ. В3-4 и С 3-4, позиционирани на западната страна на КП567/2, односно до КВ. В5-6 и С 5-6, истражувани во 2024 година. Во новиот истражуван простор се открија остатоци од архитектура, односно големи фрагменти од ѕиден лепеж, поголеми и помали лежишта од колци/столбови-како дел од носечката ѕидна конструкција на една или две градби, две помали правоаголни структури (едната е определена како печка, а другата структура, засега е функционално недефенирана). Според движниот археолошки материјал, оваа сезона ќе биде забележана во истражувачката историја на Тумба Маџари, и генерално во неолитската археологија во Македонија, по откривањето на неколку раритетни наоди. Истражувачката сезона започна со еден нов тип на жртвеник, кој ликовно претставува симбиоза на тело на животно со тело на човек – жена, со конусен реципиент (зоо-антропоморфен жртвеник), потоа со уште наод – сад кој претставува симбиоза на тело на птица со лице на човек, (веројатно на жена која многу потсетува на ликовната изведба на лицето на познатите керамички скулптури - Големи Мајки). Телото на птицата особено се издвојува по сликаните орнаменти во форма на ромбови, зони со правоаголни и брановидни линии, пердуви, фризура, а на предната страна на вратот, нејасно се наѕират контури кои наликуваат на човечко тело. Не помалку вредни се и прекрасниот пехар со сликани темни орнаменти, амфора, минијатурни керамички женски фигурини, фрагменти од жртвеници масички, фрагменти од садови за разни намени, камени и коскени алатки, накит, и секако нови фрагменти од познатите керамички скулптури со претстава на Големата Мајка или

антропоморфни модели на куќи. Покрај овие керамички и камени наоди, во истражуваниот простор се откри голема количина на животински коски, со траги на кршење и сечење. Особено се издвојуваат коските од големи домашни животни. Според наодите, засега може да се каже дека во овој простор во оваа неолитска населба веројатно се вршеле активности со подготовка на храната. Западно од градбата се дефинираа и неколку јами со помали димензии. После долгогодишни разговори, годинава конечно се потпиша *Договор за право за користење на недвижност меѓу ЕВН АД Македонија и Археолошкиот музеј*. Имено со овој Договор, ЕВН му ја додели КП 570/4 (во границите на културното добро - локалитетот Тумба Маџари на Археолошкиот музеј за долгорочно користење, односно вршење археолошки истражувања на простор од 6.198 м2, со што се реши долгогодишниот проблем со просторот за истражување. Годинава се официјализира и долгогодишната поддршка на Општина Гази Баба за археолошкиот локалитет Тумба Маџари, преку потпишување на *Меморандум за соработка*. Во текот на оваа археолшка сезона во Тумба Маџари, се реализираа и два проекта, *Неолитска кретивна работилница*, и се снимаше спот за подигање на свеста во јавноста за нулта отпад на археолошките локалитети.

**Преведени и реализирани се 300.000 ден**. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

Во прилог фотографии од реализацијата на проектот:



Истражувањата се одвиваа во КП 570/4, и во постоечката квадратна мрежа на локалитетот, КВ. В3-4 и С 3-4



Членовите на стручната екипа вклучена во археолошките истражувања во Тумба Маџари



Уникатен зоо-антропоморфен жртвеник од Тумба Маџари, истражувања 2025 год.



Избор на позначајни наоди од истражувачката кампања 2025 год.

**2. Животните од скопскиот неолит (Формирање на компаративна археозоолошка збирка)**

Раководител на проектот: м-р Анета Фиданоска, виш кустос за археозоологија; членови на стручниот тим: Марко Наумовски, надворешен соработник за обработка на археозоолошки материјал и препараторски услуги, Елена Блажовска, надворешен соработник за фотографирање на археозоолошки материјал, Ана Бошковска, надворешен соработник за компјутерска обработка на фотографии и материјали, Михаил Арсовски, надворешен соработник за транспорт на археозоолошки материјал.

По барање за промена на оперативниот и финансиски план на проектот **„Животните од скопскиот неолит“** (бр. 03-369/3 од 3.06.2025 год.) и негово одобрување од страна на Министерството за култура и туризам (бр. 31-5935/3 од 24.11.2025 год.), со одобрените финансии, како и со сопствено средства обезбедени од страна на Археолошкиот музеј, се реализираа два проекта: горенаведениот, како и проектот **„Формирање на компаративна археозоолошка збирка“.**

Во проектот **Животните од скопскиот неолит** акцентот се стави на неолитската фауна од скопскиот регион, опфаќајки два пообемни и долгорочно истражувани неолитски локалитети – Тумба Маџари и Церје Говрлево, како и еден релативно нов локалитет – Ограѓе, с. Орман. Поради обемноста на досега собраниот археозоолошки материјал, проектот мора да се реализира етапно, односно е концепиран како повеќегодишен, при што сукцесивно ќе се обработува, документира и анализира археозоолошкиот материјал поделен по локалитети, одредени археолошки целини и конкретни научни интереси.

Првата етапа, реализирана во втората половина на 2025 година, опфати транспорт, препакување, документирање, фотографирање и обработка на материјалот од локалитетот Тумба Маџари, кој во најголем дел се наоѓање на самиот локалитет. По неговото комплетирање на едно место (во депото на Археолошкиот музеј), се изврши негово комплетно документирање, препакување во соодветни кутии врз основа на востановените стандарди и практики од оваа област, фотодокументирање и соодветни археозоолошки анализи.

Проектот **„Формирање на компаративна археозоолошка збирка“** подразбира набавка на животински скелети (коски) од современи животни, кои подлежат на стручни препараторски третмани, како и финална обработка на коските, со што истите ќе станат бактериолошко безбедни за понатамошна научна употреба во склоп на компаративната археозоолошка збирка. Во соработка со Факултетот за ветеринарна медицина обезбедени се скелети од веќе угинати животни и со соодветна процедура извршен е препараторски третман. Проектот се одвиваше во две фази – подготовка и набавка на современи животни (скелети) и втор дел – реализација поточно препараторски третман на скелетот. Во првата фаза, во соработка со Факултетот за ветеринарна медицина, беа обезбедени скелети од веќе угинати животни- овца (*Ovis aries*) и свиња (*Sus scrofa domesticus*) кои понатаму беа предадени на препараторот за понатамошна обработка.

Втората фаза го опфаќа препараторскиот третман, кој претставува обемен и комплексен процес.

**Препараторски третман**: по предавањето на угинатите животни на препараторот, извршена е дезинфекција на истотите со раствор Ecosal 2%. По дезинфекцијата следело отсранување на мускулното ткиво и мускулните припои. По извршени подготовки на коските за процесот на одмастување и белеење, истите биле потопени 24 часа во ладна вода за нивно целосно испирање а потоа ставаени во 3% раствор на КОН, во времетраење од 3 недели за ликвефакција на мускулното ткиво и негово полесно отсранување. По оваа постапка биле отстранети резидуалните ткива по што следело испирање на коските со различни раствори и смеси за одмастување. По завршување на оваа постапка коските биле потопени во 96% алкохол, а по две недели постапката повторена со ацетон Со ова е завршена постапката на отстранување на мастите од коските. По сушењето на коските истите биле потопени во раствор од водороден пероксид на 600 С, во времетраење од 3 дена за да настане нивно белеење. На крајот коските се премачкани со разреден раствор од Родопас и алкохол за да се спречи нивно пукање и механичко оштетување.

По завршувањето на целосниот препараторски третман, складирани во дрвени кутии, коските беа доставени во НУ Археолошки музеј на Република Македонија.

**Преведени и реализирани се 100.000 ден**. **Археолошкиот музеј во реализацијата на проектот учествуваше со 60.000 денари.** Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

Во прилог фотографии од реализацијата на проектот:















3. **Јас – археолог**

Раководител на проектот: м-р Марија Рабаџиска, музејски водич; членови на стручен тим: д-р Перо Синадиновски, археолог; Тони Митрев, технички соработник, вработени археолози, документатори и конзерватори од Археолошки музеј.

Проектот е реализиран во период од 17.04. до 24.12.2025г. Во првиот дел од проектот кој беше реализиран на 17.04.2025 г. учество земаа учениците од V-2 одд од ООУ „Круме Кепевски“ – Скопје, (Општина Кисела Вода). Во текот на реализацијата на проектот, учесниците го посетија Неолитското село Тумба Маџари, каде одблиску се запознаа со работата на археолозите и научија како се работи на археолошки локалитет и што всушност претставува теренска работа за еден археолог. Научија по кој пат минува еден музејски предмет, од неговото пронаоѓање на терен до излоѓувањето во витрина во музеј. Учесниците заедно со археолозите од Археолошкиот музеј беа дел од импровизирано археолошкото истражување и научија основи и методи на реализација и документација: како се пополнуваат метрики, како се пакуваат наодите, како се цртаат, како се фотографираат, како се поставува квадратна мрежа, како се земаат коти и сл. За учесниците особено беа важни презентациите на стручните лица од Археолошкиот музеј, на конзерваторите кои ги запознаа со техниките на конзервирање на наодите, на нумизматичарите кои ги запознаа со начинот на изработка на монетите и монетарната циркулација на тлото на Македонија, на зооархеологот кој одржа посебна лекција за истражувањето и обработката на животниските остатоци и за живиот свет кој егзистирал на овие простори. За да добијат целосна слика за тоа како се одвивал животот во минатото, учесниците имаа можност да погледнат и документарен филм за археолошкиот локалитет ТумбаМаџари.
Проектот целосно е реализиран со вториот дел од средствата кои беа наменети за печатење на промотивен

и едукативен материјал. Овој проект е добитник на **пофалница за најдобар музејски проект на годината** што по повод денот на музеите, 18 мај, ја доделува МНК ИКОМ.

**Преведени и реализирани се 50.000 ден.** Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

Во прилог фотографии од реализацијата на проектот:














4. **Подводни археолошки и интердисциплинарни истражувања на локалитетот Врбник-Струга**

Раководител на проектот: д-р Александра Папазовска, кустос советник; соработници: м-р Валентина Тодороска - подводен археолог, Бојан Танески - подводен археолог, д-р Орданче Петров - подводен археолог, Seraphim Nagel, Cal Poly Tech University, Arcata, California, USA - подводен археолог, м-р Александра Чевреска - археолог, и нуркачки тим: Димитар Стојаноски, Слободан Рајковски, Никола Мартиноски, Владимир Голабовски и Александар Ацев.

Проектот „Подводни археолошки и интердисциплинарни истражувања на локалитетот Врбник-Струга" во основа е продолжение на долгогодишните подводни истражувања на локалитетотот кои се одвиваат од 1998година и ги водеше археолошкото одделение во НУ Музеј на Македонија во соработка со Народниот музеј д-р Никола Незлобински од Струга и Сојузот на нуркачки друштва на Република Македонија, под раководство на археологот Воислав Санев. Од 2001 г. истражувањата со мали прекини ги водеше НУ Музеј д-р Никола Незлобински од Струга, а во последните три години Археолошкиот музеј од Скопје под раководство на м-р Валентина Тодороска, подводен археолог. Во 2021година проектот стана дел од EXPLO проектот кој го раководеше Универзитетот во Берн и проф. Алберт Хафнер. Во рамките на овој проект беа направени дендрохронолошки и радиокарбон анализи од страна на д-р Андреј Мачковски, на 250 примероци од дрвени колци со кои се доби прецизна датација на локалитетот и веќе го имаме првиот датиран локалитет од железното време во Македонија. Со истражувањата се откри движен археолошки материјал кој се состоеше од бројна кујнска и складишна керамика, керамички тегови од разбои и рибарски мрежи како составен дел на куќниот инвентар кој се истражува. Покрај керамика се откријa и повеќе метални наоди (утилитарни предмети: ножиња, брич, срп, и др. метални предмети), наоди од камен (толчници и точила), бронзен накит (двојни игли, игли од фибули и сл.), како и неколку фрагменти од археозоолошки материјал.

Оваа година проектот се реализираше во месец јуни, а фокусот на подводните археолошки истражувања се однесуваше на простор од 20 x 10м започнат со истражување во 2021година и се заврши во целост, а се добија повеќе податоци за архитектонските елементи на населбата и типот на градбите.

**Преведени и реализирани се 300.000 ден.** Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

Во продолжение фотографии од истражувањата:
















5. **Систематски археолошки истражувања на некрополата од архајскиот период во с. Корошишта, Струга**

Раководител на проектот: д-р Перо Арџанлиев, кустос советник, членови на стручниот тим: Илија Бошковски, Фитни Далипи, Драган Таневски, Миле Илоски, Анатоли Арнаудовски, Татјана Стојоска Видевска, Фане Каневчева Илоска археолози; Џамил Али, Благоја Деспотовски, Слободан Новковиќ, Крсте Китоски, Мефит Борова, Наце Јорданоски општи работници.

Оваа година истражувањата најпрво се фокусираа на отворање на четири сонди на просторот на КП 1892, КО Корошишта/Џепин, Општина Струга, во сопственост на ИбниМамуди, односно на 70-тина метри западно од минатогодишните истражувања. На овој простор отворивме 4 сонди. Сондите се со димензии: 10 до 15 м должина и 2 м широчина, со кои се очекуваше да се откријат повеќе гробови при што би се утврдил нивниот карактер и простирање. Но при истражувањето на овие сонди утврдивме дека некрополата не продолжува на тој простор. Во меѓувреме добивме согласност за истражување на КП 1778 во сопственост на Мефит Борова која се наоѓа веднаш до КП 1879 на која се истражуваше минатата година каде се открија првите две гробници. За таа цел го поднесуваме овој анекс на програма со цел да побараме анекс на Дозволата УП бр. 08-932 од 01.10.2025 година, со цел да продолжиме со истражување на КП 1878. На оваа парцела најпрвин отворивме сонда со димензии 30 м должинаи 2 м ширина во правец север-југ паралелно од откриената гробница од минатогодишните истражувања. Најпрвин во сондата истражувавме рачно до длабочина од 1.5 метри и кога видовме декаљ не се појавува било каква гробна конструкција за да се увериме дека на овој простор нема гробни конструкции со помош на механизација се симнавме до длабочина од 3 метри при што утврдивме дека на овој простор нема гробни конструкции туку само флувијални геолошки наслаги на песок кои биле носени во минатото од реката Сатеска, која како што претходно кажавме, тече во непосредна близина на некрополата. Потоа преминавме на отварање на уште две сонди северно и јужно од оваа голема сонда. И двете сонди се со правец север-југ и се со димензии 20 метри должина и 2 метри ширина. И во овие две сонди ја регистриравме истата ситуација како во претходната голема сонда. Наидовме само на флувијални наноси од реката Сатеска. **Со овие истражувања ги утврдивме границите на некрополата и со тоа во иднина ќе се сконцентрираме на помал простор во кој би се очекувале уште богати погребувања од Архајскиот период.**

**Преведени и реализирани се 1.030.000 ден.** Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

Во продолжение фотографии од истражувањата:



**Монументалните гробници откриени со истражувањата во 2024 год.**



**Големата сонда источно од Гробницата 2**

## 6. Римска некропола К'шла, с. Коњух - Кратово

Раководител на проектот: Гоце Коцевски -виш кустос, членови на стручниот тим: Михаил

Стојаноски – виш кустос,  м-р Марија Видеска – архитект документатор, општи работници за ископ на земја: Слаѓан Крстевски, Моме Крстевски – општ работник, Антонио Тасевски, Љубе Јовановски .

Овогодинешниот истражувачкиот проект беше наменски дизајниран и конципиран да се проучи сегмент од локалитетот т.е на некрополата која припаѓа на железното време и римскиот период и кореспондира со определени цели и критериуми:

- Очекувавме да добиеме податоци за вреднување на некрополата (карактерот, стратиграфијата, организација, типот на гробови и густината на погребување во овој сегмент, граници на истата и слично). Исто така да се утврди и потврди правецот на протегање на гробовите, степенот на сочуваност на нивните конструктивни елементи, димензии, техника на градење и постоење на една или повеќе фази т.е хоризонти на погребување.

- Од процесот на ископување на некрополата очекувавме да се откријат, да се дефинираат и документираат конститутивните елементи на секое едно погребување, кои всушност го определуваат самото погребување и од нив произлегуваат најдиректно сите податоци за вреднување на гробовите и некрополата во целост. Во таа смисла очекуваме да добиеме релевантни податоци за ритуалот на погребување (погребување со спалување или скелетно погребување – инхумација), за гробните форми (тип и облик на гробната конструкција или гробна архитектура),за ориентација, одбележување и организација (ориентација на гробот, начин на негово одбележување - маркирање, односот со соседните погребувања и местото во рамки на некрополата), за погребните обичаи (начин на полагање или кремирање на покојникот, видот и начинот на прилагање на гробните дарови или остатоци од погребни обреди), податоци за гробните прилози (типови на гробни дарови, нивна позиција, нивен меѓусебен однос и однос со антрополошките наоди, и да собереме информации за антрополошките наоди (скелетни остатоци од покојникот, степен на нивна сочуваност, позиција и значење). Секој од наброените елементи има свое конкретно значење при вреднувањето и интерпретирањето на секое поединечно погребување, поточно, има посеба научна тежина во определбата на одреден аспект од погребувањето (културен, хронолошки, антрополошки, социјално-економски и слично).

- Добивање индиции за определување на внатрешната организација во рамки на некрополата, за видот, бројноста и големината на гробовите и нивната меѓусебна релација.

**-** Истражувањата покрај податоци за вертикалните наслојувања, да имаат и хоризонтална екстензија како би се добиле соодветни и релевантни податоци за карактерот и хронолошките вредности на некрополата, типот на гробни конструкции и конструктивни афинитети (преку употребата на материјал и техники).

- Добиените археолошки податоци да се доволно речити за утврдување на хронологијата, фазите, просторната организација и динамиката на употреба на еден археолошки простор- некропола која егзистирала во римскиот период.

- Добиените резултати не треба да ги сметаме за финални, туку за солидна основа за понатамошни продлабочени студии, кои во комбинација на систематски археолошки истражувања би овозможиле реконструкција на фунерарните карактеристики во римскиот период во овој регион на Македонија.

Археолошките истражувања на лок. К’шла, с.Коњух, Кратово**,** по својот карактер претставуваа контролни (бидејќи станува збор за првични истражувања на овој сегмент од некрополата), а од друга страна и еден вид заштитни истражувања (заради интензивните земјоделски активности кои континуирано се одвиваат на просторот и се директна закана за самиот локалитет). Бидејќи станува збор за првични археолошки активности на овој сегмент од просторот на некрополата, истражувањата по својот вид и обем се сондажни со интенција да врз основа на добиените резултати во релација со

претходните, прераснат во посериозни и подолгорочни систематски истражувања. За таа цел се постави контролна сонда на нивата на КП 616/6 која доби нумерација сонда 6/2025, со димензии 5 х 5м. Сондата 6/2025 се постави источно и југоисточно од истражуваните во 2012-2013 година сонди **1-5** на соседната КП 617/1, ориентирана према страните на светот. Сондата 6/2025 има ориентација север - југ, на позиција каде што има најдобри индиции за истражување на некрополата и на архитектонски остатоци како од погребни конструкции така и од други објекти, надоврзувајќи се на претходните истражувања. Ова е се со цел да се добијат стратиграфски податоци за вертикалното наслојување, но и хоризонтална дистрибуција на археолошките појави, со што би се одредил текот и динамиката не само на овогодинешните туку и на идните истражувања. Хоризонталната стратиграфија е значајна за утврдување на фазите, организацијата и динамиката на употреба на еден археолошки простор. Сондата ја нумерираме како сонда 6/2025, аглите на сондата со големи латинични букви (A,B,C и D) поставени во правец на стрелките на часовникот. Истражувачките активности се изведуваат во согласност со сите востановени стандарди во археолошката методологија. Првиот чекор на непосредни теренски активности е подготовка на теренот за истражување. Пред да се определи просторот за ископување истиот во период од два-три работни дена се расчисти од надворешни пречки кои се наоѓаат на површината како што е вегетацијата (големи жбуња, треви) кои густо го покриваат овој сегмент од локалитетот. Ископувањето се изведуваше согласно конфигурацијата од највисокото ниво на теренот кој во овој простор е на косина и на мало возвишение. Ископувањето се изведува со покрупен алат, во откопи од 0,15-0,20м., во зависност од карактерот, структурата и содржината на земјата што се ископува, се додека не се детектира одредена археолошка појава или ситуација со наоди во примарен контекст. Одделни појави што наликуваа на археолошки целини како на пр, урнатини од камени конструкции и слично се издвојуваа и ископуваа посебно. Исто така издвојувани се и слоеви различни по боја и карактер на земја кои би можеле да пружат извесни индиции за хронолошко разграничување. На тој начин истражуваниот простор би станал меѓусебно поврзана, единствена и компактна археолошка целина со поголема истражена површина. За цело време на истражувањата се води описна текстуална теренска документација (теренски дневник), соодветна фото и техничка документација и нивелмански податоци.

Со археолошките истражувања се откри мошне голема и густа концентрација на големи аморфни и речни камења со различна форма и големина на длабина од 0,95-1,15м.,во северниот и западниот дел на сонда 6/2025, а постепено и делумно се откриваат контурите на вакви камени формации и во јужната половина на сондата. Поголеми обработени камења при претходните истражувања се користеле како маркери за гробови се со димензии од 0,80 до 1 метар и голема тежина. Целиот простор на прв поглед делуваше интактно, и даваше индиции за откривање на неоштетени гробни конструкции. Заради големата концентрација од нафрлан камен, густо распоредени во просторот дефинирањето на истите беше внимателно и отежнато од тврдата и леплива глинеста земја (смолница). Се дефинираа контури и на полукружен прстен од камења за кој во текот на истражувањето претпоставувавме дека се можеби ограден прстен од тумул во кој внатре и надвор од него се вкопани поединечни погребувања. За жал при истражувањата не се открија никакви археолошки остатоци ниту археолошки материјал. Откриените ситуации се природни геолошки формации од камења кои на просторот го има во изобилие со различни форми и големина. Од друга страна добивме податоци дека овој сегмент од локалитетот не бил користен за како некропола т.е. ги утврдивме границите на простирање на некрополата на Ј/И крај. Овој податок е релевантен за планирани идни активности на локалитетот и за просторна дистрибуција на погребувањата. Натамошните истражувања треба да дадат одговор на овие прашања. И покрај просторната лимитираност на сондажните ископувања, од овогодинешните археолошки истражувања на некрополата К’шла крај с.Коњух, Кратово се доби првична слика за овој досега неистражуван сегмент од локалитетот, а се

проширија добиените податоци од ископувањата од претходните истражувачки кампањи. Иако истражувањата се мали по обем, карактерот на откриените остатоци треба да фрла нова светлина во однос на добиените сознанија за просторната организација на некрополата.

**Преведени и реализирани се 300.000 ден.** Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

Во продолжение следува избор од фото документација од овогодинешните истражувачки активности на локалитетот:




**Некропола К'шла со парцела 616/6 каде се истражуваше во 2025,Фото пред почеток на истражување**






 

**Некропола К'шла - парцела 616/6 каде се истражуваше сонда 6/2025, Фото во тек на истражување**

## 7. Продолжување на археолошкото истражување на римскиот град на Исар, с. Марвинци

Раководител на проектот: м-р Јане Клековски, кустос советник; членови на стручниот тим: Сања Битрак-археолог/нумизматичар, Васил Николовски-конзерватор, Дејан Станоев -конзерватор техничар, Игор Ширтовски-археолог, Андриана Петковска – археолг, Никола Хаџи Николов-документатор.

Овогодинешното истражување на лок. Исар с. Марвинци, Валандово се спроведе од 09.06.2025 до 30.06.2025 година. Се работеше на доистражување на „доцноантичкиот Кастелот" на локалитетот, поточно на КП 1191, односно во археолошки квадрат З 5/3. Целта на Проектот и овогодишното истражување беше едноставна, но не и лесна. Ископувањето директно се надоврзува на истражувањето од 2016 година, кога се истражуваше објектот кој има работен назив Цистерна. Имено тогаш објектот беше истражен во целост и до нејзиниот просторен крај, но истовремено тогаш веднаш се увиде дека овој објект во периодот на раната антика не завршувал просторно како што беше откриен со истражувањето. Туку, првично се чини дека целиот објект на Цистерната се поврзувал со некој објект кој се наоѓа зад западниот ѕид на објектот. Тогаш во 2016 година, тоа многу убаво се гледаше дека преку една подоцнежна соѕидана врата и корекција на ѕидот во веројатно доцноримски период. За жал ископувањата на овој простор беа стопирани цели 8 години и продолжија дури денес. Дотогаш за жал иако објектот беше крајно заштитен и покриен целата ограда и дрвенарија е украдена, а на овој простор се криеле мигранти на нивната мигратска траса. Затоа овогодинешното истражување имаше за цел истражување на просторот зад западниот ѕид на објектот „Цистерна" и негово „првично спојување". За жал годините неистражување на овој простор, како и заводската незаштита на локалитетот оставиле длабок траг на локалитетот. Тој сега е длабоко обраснат со бујна вегетација и дрва и секако диви и питоми животни од соседното трло. Овие неколку работи морам да ги напоменам затоа што длабоката негрижа за локалитетот освен што не му приличи, го прави непристапен, не ја заслужува но и директно го оштетува и трајно уништува културното наследство. Ова посебно се однесува за дрвата, кои растат од ѕидовите на градбите и во нивната внатрешност. Па така овогодинешното истражување се одвиваше само во рамки на една Сонда, но само за расчистување на нејзината површина од дрва, корењата од дрвата и грмушките потрошивме 4

работни дена и многу физичка сила. Процесот на истражување се вршеше во една Сонда (I) која првично беше предвидена да биде со димензии 5 x 4 метри, но поради поефективна работа и остварување на целите по една недела работа таа беше скратена на 5 x 3 метри. Неочекувано под првичниот слој од вегетација наидовме на слој од раноантичкиот период, што како најстар е нелогично да е најгоре. Но тоа само говори за вековното наталожување на овој простор со преубави фрагменти керамика и монети и градежен шут од самиот крај на раноантичкиот град на Исар –Марвинци, кој според пронајдените монети е само десетина години по конечното освојување на римјаните на Македонија. Оваа наслојување е дојдено од самиот врв на ридот над Сондата на која се наоѓал раноантичкиот град на Исар-Марвинци. Па така првите два слоеви беа со раноантички рушевински натрупан слој истовремено исполнет со мноштво речен камен. Но под нив и под мал тенок слој на нанос, се наиде на девастиран доцноантички слој од кој интактно беше сочуван само делумно истраженото огниште во СИ агол од самата Сонда. Целосните димензии на огништето излегуваат од рамките на Сондата па затоа тоа не беше истражено во целост, но беше убав показател за тоа во кои рамки била просторијата во која спаѓа нашата Сонда во доцноантичко време. Имено контурите на некогашната просторија, површински можат да се видат во истражениот дел на локалитетот. Имено кон исток врз самиот „влез“ на Цистерната се наоѓа еден долг ѕид во правец север-југ кој несомнено бил, и е на исто ниво со нашето огниште и претставува источниот ѕид од некогашната просторија. На југ просторијата завршувала (затварала) со ѕид кој го пронајдовме со внимателно поставување на Сондата, па веќе на откоп 3 пронајдовме ѕид кој ја опфати целата ширина на Сондата. Овој ѕид несомнено е доцноантички и ја претставува јужната граница на просторијата со огништето. Иако на просторот на Сондата не пронајдовме интактна состојба, сепак во истата најдовме доволно материјал за реконструкција на употребата на истата. Во истата пронајдовме монети, тегови од разбој, тока, пулови за игри, надземен питос и мноштво керамика и животински коски што говори дека овие простории најверојатно биле сместени најмалку 3-4 војници кои во својата куќа (барака) чувале се што им треба за живеење. Од питос, веројатно за вода, до складишни намирници, разбој за поправка на облеката и сл. Во просторијата тие приготвувале храна и јаделе, а во слободно време се забавувале со играње на игри со коцка. Иако културниот хоризонт не е сочуван во целост, истиот е недвојбен во профилот каде јасно се исцртува и издвојува. Со понатамошното ископување во длабочина, во источниот профил на Сондата се увиде една интересна и ретка ситуација, а тоа е откривање на комплетно сочуван и затворен питос. Имено истиот претставува подземен питос, вкопан во доцноантичкиот хоризонт кој имал само видлив отвор на површината, каде бил затворен со капак. Во него поради земјената изолација се чувало храна а питосот имал функција на антички фрижидер. Истиот е вкопан во дубина при подготовка за изградбата на Просторијата. Имено под споменатиот доцноантички слој на длабочина од 2 метри се доаѓа до римскиот културен хоризонт, а целиот тој простор на повеќе од 2 метри е затрупан и нивелиран пред изградба на доцноантичките градби. Што говори дека доцноантичките градби се внимателно градени и планирани па пред истите да бидат изградени во просторот на нашата просторија бил вкопан голем питос во ЈИ агол од Просторијата кој веројатно бил предвиден за храна, како најладен и простор кој највеќе е во сенка, на што сме директни сведоци. На јужниот профил од Сондата како што напоменав погоре се откри ѕид во техника opus mixtum кој според поширокиот простор беше очекуван како веројатно продолжение на претходните градби. Па така претпоставката се исполни и претходно дефинираните градби „Принципија“ и „Цистерна“, добија продолжение во правец кон запад, односно на простор кој досега никогаш не беше истражуван. Сепак неговата дебелина и начинот на градба укажуваа дека овој ѕид несомнено е доцноантички и изграден директно врв ѕид од римскиот период. Ситуација која е многу ретка во македонската археологија. Подоцнежните ископувања во длабочина на јужниот профил ни докажаа дека

сите претпоставки беа исправни. Под 1,3м доцноантичка надоградба пронајдовме одлично сочуван ѕид од римскиот период кој од источната страна првично не се совпаѓа со доцноантичкиот во целост, туку е со благ отклон, но по 2 метри тој целосно се преклопува и единствена разлика помеѓу нив е внимателниот начин на римската изградба. Се чини и дека надоградбата врз римскиот ѕид е направена многу внимателно во доцноантичкиот период со нивелирање првично со тегули, по што градбата со камен продолжила нагоре без проблем. Но она што посебно изненади е дека идентичен паралелен ѕид се откри и на северниот профил, пак поради одличното и внимателно поставување на Сондата. Идентичниот паралелен ѕид, заедно со римскиот ѕид од источниот профил кој знаеме дека е непосредно на само 30 см. ископ говори дека нашето истражување навлезе во римски културен хоризонт, односно во срцето на одредена римска градба од II-III век директно прилепена на Цистерната со која комуницирале со врата. Но за жал наидовме на дебел рушевински слој со мноштво камен, тули и малтер кои и те како го успорија и за жал завршија ископувањето пред да стигнеме до дното на римската просторија. Нејзиното истражување за жал ќе мора да почека наредна археолошка кампања. Па така по ископани и истражени повеќе од 4,5 метри во длабочина во Сонда со димензии 5 х 3 метри, во временски период во кој констатно бевме во портокалова фаза го завршивме нашето истражување. Целата Сонда на крај беше оградена со бетонски столбови и опколена со заштитна лента, додека внатрешноста на ѕидовите беше покриена со заштитна мрежа и нафрлена со земја. Првичните резултати се во целост со очекувањата на ископувањето, освен тоа што не успеавме да ја истражиме просторијата во целост. Па така, ископувањето ја докажа претпоставката за просторија зад западниот ѕид на Цистерната, ги дознавме нејзините граници (освен од запад), и она што само останува за доистражување е нејзино целосно откопување и дефинирање, и секако главната поента, нејзината употреба. Ѕидовите од северна и јужна страна укажуваат на внимателно изградена просторија која според околните ѕидови со сигурност претставува првенствена градба, додека градбите како „Принципија" се прилепени на неа, што укажува и на тоа дека истата е подоцнежна. Ова ја става недоистражената градба како поважна, односно поприоритетна и основна за градот. Ѕидовите се внимателно направени со квалитетен бетон, со внимателно одбрани камења и одлично соѕидани. За жал она што досега не го детектиравме беше кровната конструкција на градбата која најверојатно е уништена со уништувањето на градот во антиката и пред неговата трансформација во кастел. Доказ за ова е и западниот дел од Цистерната кој бил искористен за доцноантичката барака заедно со нашата сонда. Ова подразбира дека целиот овој простор бил оштетен и затрупан/нивелиран пред на истиот да биде изградена барака. Од погорниот слој несомнено е дека ги имаме источната и јужната граница од една поголема градба од доцноантичкиот период која несомнено е барака. Според изворите во една барака живееле од 6-8 војници, и во неа ги извршувале сите свои потреби, јадење, спиење, складирање, играње... Ова градба несомнено имала земјен под. Нејзините ѕидови (исток и југ), биле изградени во техника на сувоѕид со внимателно редење на камењата. Според дебелината на ѕидот градбата не била многу висока односно најверојатно не повисока од 2,5 или 3 метри. Огништето бил централно поставено што овозможувало греење на просторијата подеднакво, додека складишниот простор бил во СИ агол. Најгорниот слој во сондата претставува слизнат дел од раноантичката акропола, па затоа во истиот се наоѓаат раноантички монети и фрагменти керамика.

**Преведени и реализирани се 300.000 ден.** Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

Во продолжение фотографии од истражувањата:



**Ситуација пред почнување, поглед од СИ**





**Ситуација во Сонда 1, откоп 9, поглед од СЗ**





**Работни фотографии**

## 8. Археолошко истражување на римската некропола на локалитетот Исар, с. Марвинци

Раководител на проектот: м-р Јане Клековски, кустос советник; членови на стручниот тим: Сања Битрак-археолог/нумизматичар, Васил Николовски-конзерватор, Дејан Станоев -конзерватор техничар,

Игор Ширтовски-археолог, Андриана Петковска – археолог.

Овогодишното истражување на некрополата на лок. Исар с. Марвинци се спроведе во периодот од 29.09. до 24.10.2025 година. Ископувањето ги продолжи ископувањата од 2010 година во правец на север од римската некропола. Поточно помеѓу тоа и нашето ископување има 5 метри дистанца, поради потребата и планот ископувањето да се врши само на државно земјиште, наместо и на приватно. Затоа ископувањата беа извршени само во јужниот дел на КП 1141/1 КО Марвинци, односно во квадрантот S 7/2 според веќе утврдената квадратна мрежа на локалитетот. Но согласно нашите можности и финансии, за потребите на ископувањето беше поставена долга Сонда со димензии 19 х 6 метри во правец СИ-ЈЗ, следејќи ја линијата на парцелите.  На овој простор, оваа година се истражија вкупно 7 гроба, од кои 3 комплетно интактни, 3 ограбени во античкиот период и само еден ограбен во денешницата. 5 од 7 гроба беа со конструкција тегули на две води, еден квадратен со камена циста и еден слободен укоп во земја. Од 7 гроба, 3 беа укопови во карпа, додека останатите беа во земја, односно укопи во процепите од карпата. Во секој од нив имаше гробни наоди, но сепак интакните гробови се оние кои вистински допринесуваат во музејска и научна смисла. За пример во еден интактен гроб, гроб кој е реткост да се пронајде можевме директно да го реконструираме погребот во целост. Тој бил комплетно заборавен во времето со скоро комплетна гробна конструкција, гробни дарови во време на погребување и потоа, интактна организација на гроб и наоди. Ретка можност за комплетен увид во римско погребување од 3 век. Во овој гроб беше пронајден и еден вообичаен предмет но засега со невидена декорација на нашите простори и редок квалитет на железо. Во друг, беа пронајдени остатоците на две од вкупно 4 дрвени штици од ковчегот/„креветот“ со се клинците во кој бил погребен покојникот во средината на 3 –от век. Другите гробови, кои скоро сите се групирани на ист простор се со сигурност ограбени во античкиот период. Сепак во секој од нив е сочувана по една бронзена монета, која се чини е намерно оставена при грабежот за да не го наруши или повреди задгробниот живот на починатиот иако сите други гробни прилози се ограбени. Ова пак зборува за почитта и врската со душата на покојникот. Несомнено сите погребувања на овој простор потекнуваат од 3 век, датирање кое вкупно го направивме со анализирање на сите податоци и анализи, од наоди преку типологија и ритуал на кремирање. Но веќе во 4, најдоцна 5 век, повеќето гробови се ограбени, датирани со монети. Дополнително на тој простор имаме делумна урбана фаза во јужниот дел од сондата која се шири кон запад, односно кон градот, засега е нејасно од кој конкретно период е, но со сигурност е римски. Но ограбениот простор се однесува само на долот, односно земјениот дел од Сондата, но не и на карпестиот дел. Што е необично и чудно и подразбира дека веќе надземните маркери на гробовите во карпестиот дел се невидливи, уништени и поместени, па затоа тие успеале да го преживеаат ограбувањето. Од овој период изненадуваат и повеќе наоди на врвови од стрели, без прецизно типолошко датирање но кои со сигурност сведочат за одреден воен момент од историјата на градот. Но на ограбениот простор во подолните хоризонти, исто така се пронајде гроб во слободен укоп во кој ритуално е погребан протом од коњ. Гроб кој несомнено потекнува од железното време, односно од најстарата фаза на локалитетот. Тука е посебно интересен момент. Сите ограбени гробови освен еден се во ист хоризонт, додека едниот е повисок за скоро еден метар и е првиот гроб што го пронајдовме. Одговорот на оваа дилема го пронајдовме последна недела од истражувањето затоа што под првиот гроб, односно на скоро ист хоризонт со римските ограбени гробови, го пронајдовме гробот со коњот. Ова со сигурност означува дека тој имал надземен маркер и точно се знаело за што станува збор па луѓето од 3 век намерно го избегнале а со тоа и сочувале. Се чини дека траги од железното време наоѓаме и на северниот профил во форма на тенок преграден ѕид од некоја ограда/преградување.

Во движниот археолошки материјал преовладуваат монетите. Нивното датирање е од 2 до 5 век, но претежно се од 3 или 4 век. Сепак изненадува процентот на монети од македонскиот коинон кој е приближно четвртина од сите пронајдени монети. Дополнително во сите неограбени гробови имаше по една од нив. За потсетување периодот на коинонот е важен и е период кога и храмот во градот е реконструиран. Овие наоди нудат дополнителни сознанија и натамошни истражувања. Од сите гробови посебен за истакнување е гробот 2955 кој беше пронајден во интекна положба, со срушен кров. Под него во северниот дел се пронајдоа железни клинци од чевлите кои му биле приложени на покојникот свртени наопаку, односно со ѓонот нагоре, до фрагментирана луцерна. Во централниот дел се положени кремираните остатоци и преубав железен стригил со уникатна ромбоидна исчукана декорација а во западниот дел, над гробот железен прстен со врежана претстава на стоечки војник во воена опрема. Од останати наоди беа пронајдени: кер. тег, бронзена белегзија, монети, железни стрели, фраг. бронзено ѕвонче, жел тег, керамичка перла, бронзена жица и сл. Мноштвото фрагментиран керамички материјал очекувано укажува на конгломерат на историски периоди, форми и нивна употреба. Од фина керамика до обична кујнска од периодот на ран рим до доцноантичка керамика. Освен ова во гробот со коњот беа пронајдени три фрагменти типична железнодопска керамика.

**Преведени и реализирани се 200.000 ден.** Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

Во продолжение фотографии од истражувањата:



**Сонда 1, поглед од југ**



**Гроб 2955, пред и после отворање**



**Гроб 2959 (во процес на отворање)**



**Детал од декорација на прстен од гроб 2955**

## 9. Систематски археолошки истражувања на лок. Стакина Чешма, Валандово

Раководител на проектот: м-р Радомир Ивановиќ, виш кустос; членови на стручниот тим: Филип Аџиевски, археолог, Мартин Гиевски, археолог, Игор Ширтовски, археолог, Никола Хаџи Николов, документатор, Христијан Талевски, археолог/документатор, Јовица Ристов, археолог, Јакуб Мосиејчук, археолог, Дине Доролојко, Данче Георгиева, општи работници.

Овогодинешните археолошки истражувања на локалитетот Стакина Чешма, о. Валандово започнаа 22.09.2025 со носење на алатот и опремата на самиот терен и со отстранувањето на вегетацијата во североисточниот дел од Домусот каде што е ставен еден од двата фронта на истражувањата за оваа истражувачка сезона. Во североисточниот дел на локалитетот минатата година се пронајде нова просторија најверојтно од стопански карактер, оваа просторија ни дава индикации дека објектот продолжува кон север што досега беше непознато. Другиот фокус е ставен на просториите 6 и 7, овие простории немаа соодветна заштита и документација п од овие причини ги отворивме и нив. Дополнителна причина беше расчистување на големите количини на ѓубре во овој дел.

За издвојување е депото од 23 монети пронајдено во просторијата 11, покрај монетите се пронајдоа доста фрагменти од луксузно доцноантичко стакло, фина керамика, алатка, клуч и друго. Целиот материјал што шпроизлезе од оваа просторија е датиран во втората половина од 4ти век. За време на истражувањата беше целосно откриена оваа просторија, при што се установи дека и оваа просторија страдала при поставувањето на канализационата мрежа во 70тите години од минатиот век, односно оштетен е нејзиниот северозападен агол. Во текот на истражувањата се изработува целосна фото и техничка документација на пронајдените архитектонски остатоци како и на движниот материјал.

Постојат мали отстапки од планот, а тоа се должи на моментот дека дел од средствата доаѓаат од странскиот партнер односно Универзитетот Никола Коперник од Торуњ, Р. Полска.

**Преведени и реализирани се 200.000 ден.** Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

Во продолжение фотографии од истражувањата:



**Аерофотографија од истражувачкото поле во с/и дел на објектот**



**Просториите 6 (лево) и 7 (десно) од север**



**Поглед на палатата од североисток**

**10. Конзервација и реконзервација на античката нуизматичка збирка при НУ Археолошки музеј на Р.С. Македонија**

Раководител на проектот: м-р Сања Битрак, кустос советник, членови на стручниот тим: Емилија Димковска, виш конзерватор за метал, Гордана Младеновска, конзерватор за метал, Перо Јосифовски, нумизматичар, Илија Бошковски, археолог, Љубица Ѓорчева, конзерватор техничар, Ана Лашковска, надворешен соработник.

Се работи за повеќегодишен проект за конзервација и реконзервација, но и стручна инаучна обработка на примероци на монети од сребро и бронза, кои се дел од античката нумизматичка збирка. Оваа година се работеше на 300 монети, кои со овој проект се подготвени за изложување, но и за научна публикација.

**Преведени и реализирани се 100.000 ден.** Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

Во прилог фотографии од реализацијата на проектот:

















**11. Археолошки и интердисциплинарни истражувања на лок. Милци-Гевгелија**

Раководител на проектот: д-р Александра Папазовска Санев, членови на стручниот тим: д-р Даниела Хаилман, археолог (Универзитет Лудвиг Максимилијан Минхен), д-р Марио Гавранoвиќ, археолог ( Австриска академија на науки), Бобан Хусеиновски, археолог, м-р Ирене Петшко, документатор (Австриска академија на науки), м-р Никол Митермаер, археолог (Австриска академија на науки), м-р Александра Чевреска, археолог, м-р Златко Кованцалиев, археолог, м-р Златко Видески, археолог, Гордана Младеновска, конзерватор на метал, Ивана Вучиќ, археолог.

Истражувањата беа спроведени во рамките на поширока научна програма насочена кон продлабочување на знаењата за погребните практики, материјалната култура и општествените структури на заедниците од железното време и архајскиот период во долината на Вардар. Проектот е резултат на соработката на Националниот археолошки музеј, музејот во Гевхелија, Австриската академија на науките и универзитетот Лудвиг Максимилијан од Минхен. Во оваа кампања беа истражени пет погребувања од крајот на жезелното време и доцноархајскиот период, а како исклучителен наод е погребувањето на млад маж со воена опрема од почетокот на 5 век п.н.е. Покрај археолошките истражувања, паралелно се работеше и на антрополошки анализи на остеолошкиот материјал, како и на ортофотографија на теренските ситуации и изработка на 3Д модели на истражените гробови.

**Преведени и реализирани се 250.000 ден.** Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

Во продолжение фотографии од истражувањата:








**Основа на Сонда 1**






**Гроб 338**

**Гроб 340**



**Сонда 1**





**Гробни прилози**

**12. Изведба на конзерваторски работи на движен археолошки материјал од некрополата Мали Дол – Тремник**

Раководител на проектот: д-р Александра Папазовска Санев; стручни соработници: Билјана Балева, виш конзерватор (раководител на истражувањата), Климент Балев, препаратор, Делфина Мицевска Трајковска, конзерватор за метал, Љубица Ѓорчева, конзерватор техничар, Гордана Младеновска, конзерватор за метал.

Локалитетот Мали Дол кај с. Тремник, Неготино е познат во археологијата од 2008 година. Со истражувањата се откриени вкупно 84 погребувања од два хоризонти. Со средствата од оваа година конзервирани се 22 предмети од керамика и 2 метални предмети. Изработен е извештај за конзерваторски истражувања и проектот е во втората фаза на конзерваторски третман на материјалот кој ќе се одвива во НУ Завод и музеј Охрид согласно Одобрението од Управа за за заштита на културно наследство бр. 09-536 од 04.07.2025година.

**Преведени и реализирани се 100.000 ден.** Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

Во продолжение фотографии од реализацијата на проектот:





**Урна** **Кантарос**

**13. Конзервација и реставрација на археолошките наоди од римската некропола кај Исар, с. Марвинци**

Раководител на проектот: м-р Јане Клековски, кустос советник; членови на стручниот тим: Васил Николовски, Емилија Димковска, Делфина Трајчевска Мицевска, Гордана Младеновска, Ангела Витановска, Перо Кованцалиев, конзерватори, Љубица Ѓорчева, конзерватор-техничар.

Проектот започна со селекција на материјал од депо, а во најголем дел се работеше на предмети за потребите на новата постојана музејска поставка. Се селектираа 30 предмети. За потребите на проектот е набавен микроскоп и друга дополнителна опрема. Се изработи конзерваторски проект и започната е постапка за добивање на дозвола од УЗКН.

**Преведени и реализирани се 85.513 ден. Во Годишната програма одобрени се 100.000 денари. Во Буџет се вратени 16.487 денари**. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

**14. Изработка на комерцијални копии од збирката на артефакти на археолошки музеј**

Раководител на проектот: м-р Јане Клековски, кустос советник; членови на стручниот тим: Васил Николовски, Емилија Димковска, Делфина Трајчевска Мицевска, Гордана Младеновска, Ангела Витановска, Перо Кованцалиев, конзерватори, Љубица Ѓорчева, конзерватор-техничар.

Со оглед на тоа што сувенирницата при НУ Археолошки музеј на Р.С.Македонија не располага со сувенири од сопствено производство, а согласно спроведената постапка за примопредавање на археолошките предмети и археолошкиот материјал со НУ Музеј на Р.С. Македонија и губењето на правото на производство на комерцијални копии од страна на втората страна согласно истата постапка, се јави итна потреба за подготовки за изработка на комерцијални копии на артефакти од збирките на Археолошкиот музеј. Во првата фаза од проектот, со оглед на постапката со УЗКН и добивањето на соодветна документација за изработка на комерцијални копии (чл.), се пристапи кон селекција на материјал од постојана поставка на музејот, но и решенија за современа употреба и реинтерпретација на предметите во комерцијални цели, согласно новите музејски практики. Понатаму, се набави материјал за изработка на калапи и комерцијални копии.

**Преведени и реализирани се 69.872 денари. Во Годишната програма одобрени се 100.000 денари. Во Буџет се вратени 30.128 денари**. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

**15. Популаризација и одржување на средновековниот кастел Кожле**

Раководите на проектот: м-р Трајан Зафировски, кустос советник. Александар Наумовски, обработка на ЛИДАР дрон податоци, Никола Станковиќ и Бранислав Станковиќ, општи работници.

Проектот предвидуваше и реализираше чистење на теренот на тврдината (паркингот за возила и акрополниот дел на тврдината) и беа извршени ЛИДАР дрон снимања на 30 хектари околу тврдината и на неа самата, за со сигурност да се утврдат теренските аномалии кои во иднина би ни покажале каде да ги позиционираме сондите за археолошките истражувања. Од иницијалните снимања веќе се утврдени

три аномалии (веројатно темелни партии од три објекта) на југ од подградието на тврдината, покрај реката Пчиња, како и други аномалии на околните ридови кои можеби укажуваат на постоечки објекти, со кои комуницирала тврдината во минатото.

Од друга страна, со чистењето на густата вегетацијата од тврдината, после подолго време таа почна да прима посетители кои го возат тој дел од автопатот (најповеќе странски државјани) и кои преставуваат дел од транзитниот туризам на оваа држава, но и домашни посетители кои се запознаени со тврдината, но последниве 15 години не можеа да ја посетат поради непроодната вегетација. На овој начин овој проект успеа да ги исполни очекуваните приоритети за 2025 година и да придонесе кон популаризацијата и одржувањето на средновековниот кастел Кожле.

**Преведени и реализирани се 300.000 ден.** Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

Во продолжение фотографии од реализацијата на проектот:



**Состојба на локалитетот пред и по реализацијата на проектот**



**Примерок од Лидар дрон снимањето (снимање на 30 хектари со тврдината која се гледа на ридот до патот)**

## 16. Изработка и реализација на проект - Заштита на археолошки материјал на лок. Расница с. Корошишта, Струга

Раководител на проектот: д-р Перо Арџанлиев, кустос советник; членови на стручниот тим: Емилија Димковска, виш конзерватор, Гордана Младеновска, конзерватор, Билјана Балева, виш конзерватор при НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Охрид, Климент Балев,

препараторв при НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Охрид, Никола Патчев, виш конзерватор при НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Охрид.

Изработена е Програма за конзерваторски истражувања со Арх.бр. 03-46/2 од 03.02.2025.

Добиено е Одобрение за конзерваторски истражувања, УП Бр. 09-52 од 03.03.2025 година, според кое се извршија конзерваторските истражувања согласно погоре споментатата Програма за конзерваторски истражувања и изработка на конзерваторски проект. Ангажирани се и стручни лица за конзерваторските истражувања и за подготовката на Основниот проект за конзерваторски истражувања. Направени се физичко-хемиски анализи на археолошки материјал од локалитетот Расница, с. Корошишта.

Фотографирани се сите археолошки предмети кои се дел од програмата за конзерваторски истражувања.

Изработен е Основниот проект за конзервација со Архвски брбр.03-46/10 од 20.05.2025г година.

Направена е стручна контрола на проектот и добиен е Извештај од направената стручна контрола со Архвски бр. 09-1893/5 од 25.06.2025 година, врз основа на која добиено е Одобрение за реализација со Арх.бр. 09-628 од 09.07.2025 година..

Побаран е надзор и отпочнати се конзерваторски работи врз основа на Основниот проект.

До овој период конзервирани се 11 сребрени предмети, 30 златни предмети, преметите од килибар во целост, 6 теракоти и 13 бронзени предмети. Во тек е конзервација на останатиот движен материјал опфатен со проектот.

Заради потребите за организирање на изложба каде ќе биде претставен конзервираниот материјал од лок.Расница, с.Корошишта истиот е пренесен во НУ Археолошки музеј на Р.С. Македонија додека Приемот на изведени работи ќе биде извршен по реализирањето на проектот во целост.

**Преведени и реализирани се 200.000 денари.** Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

Прилог фотографии од извршените активности на предметниот материјал:











**17. Модата во минатото/Музеј за сите**

Раководител на проектот: м-р Марија Колевска Димишковска, водич; стручни соработници: м-р Јулија Груевска, архитектура и графички дизајн, Изет Цури и Никола Ефтимов, модни креатори.

Нарачани се облеките преку кои ќе се отслика модата во минатото, преку призмата на младите дизајнери под менторство на професор Изет Цури и професор Никола Ефтиков од модниот институт „Изет Цури”- Скопје. Согласно меморандумот за соработка со модниот институт, професорите се согласија да ги изработат облеките за настанот за сума која вообичаено ја наплаќаат за еден до два модела, а за нашиот музеј ќе направат 9 костими од различни временски периоди застапени во постојаната музејска поставка. Изработката на моделите за младите дизајнери претставува предизвик да се отслика животот на нашите предци во минатото, преку модните детали. За настанот е изработена персонализирана рамка за фотографирање. Со бараната и одобрена пренамена од страна на Министерството за култура и туризам, со истите средства се реализираат два проекти, односно горенаведениот, како и проектот **„Музеј за сите“.** Целта на проектите е преку инклузивен моден настан да се допре до сите сетила на сите учеснци во проектот и сите присутни на настанот и на креативен начин да се допре до проблемите на сите слоеви во општеството, како и да се направи исчекор напред во процесот на инклузијата, овојпат преку инкузивен моден настан. Облеките кои ја рефлектираат модата во минатото ќе останат во нашиот музеј и со нив ќе можат да се фотографираат посетителите. За комплетна реализација на настанот се нарачани и гравирани персонализирани производи.

**Преведени и реализирани се 150.000 денари.** Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

**18. Кирил Трајковски – по трагите на македонската средновековна археологија**

Раководител на проектот: м-р Горан Санев, кустос советник; членови на стручниот тим: м-р Ана Јорданова Дубровска, Фондација „Кирил Трајковски“, Марјан Јагликовски, кустос за османлиски период, Филип Аџиевски, кустос за среден век, Елена Рафајловска, стручен соработник за визуелни уметности, архитектура и дизајн, Милица Коцева, археолог, Весна Куковска, лектор, Антонио Павловски, Фондација „Кирил Трајковски“.

Со реализација на мулдидисциплинарниот проект посветен на животот и делото на еден од столбовите на македонската археологија, Кирил Трајковски, се започна во јуни со постхумна промоција на неговата монографија „Епископијата на Брегалница и Моробисдон 7-14 век“, во уредништво на Ана Јорданова - Дубровска. Промотори на монографијата беа проф. д-р Виктор Лилчиќ Адамс и Паско Кузман, како и претседателката на Фондацијата „Кирил Трајковски“ од Лондон, Славица Вејт. Преполната сала и големата медиумска покриеност на настанот, како и големиот интерес за монографијата, се показатели за издржаноста на проекти од ваков карактер, кои освен академска, нудат и длабоко човечка димензија. Во периодот од 11.06 до 30.06 Археолошкиот музеј постави времена изложба од лични предмети во сопственост на Кирил Трајковски. Преку внимателно избрани експонати - белешки, теренски алатки, фотографии, книги и лични предмети - изложбата понуди тивок и искрен поглед во неговото секојдневие, неговиот пристап кон работата, неговите интереси и начинот на кој ја живееше археологијата. За потребите на изложбата се изработија плакати, придружни текстови за витрините и информативен банер. За фазата од проектот која предвидува изложба на археолошки предмети од повеќе локалитети кои ги истражувал Кирил Трајковски, се чекаше на соодветни услови за реализација, со оглед на правните ограничувања за располагање со археолошкиот музејски материјал од страна на музејот. По надминувањето на овој долгогодишен проблем со Одлука на Владата на РСМ бр. 50-6957/10 од 29.07.2025 година и спроведувањето на истата од страна на музејот на 19.08.2025 година, се пристапи кон реализација и на последната фаза од проектот. Од страна на ангажираните лица во проектот од депото на музејот се

издвоени 53 предмети од локалитетите Мородвис и Кожле, изработени се фотографии, текст на македонски и англиски јазик (50 страници), карта, time line, комплетно преведени и лекторирани. Во договор со Фондацијата „Кирил Трајковски“ од Лондон, изложбата ќе биде поставена во салата за времени изложби на музејот во март 2026 година.

**Преведени и реализирани се 140.000 денари.** Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

Во прилог фотографии од реализацијата на проектот:









КИРИЛ
ТРАЈКОВСКИ
KIRIL
TRAJKOVSKI


Локалитет
Моробиздон (гр.)













## ЗАШТИТА НА НЕДВИЖНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО:

1. **Тековна заштита и популаризација на археолошкиот локалитет Тумба Маџари и музејот под отворено Неолитското село во Скопје**.

Раководител на проектот: м-р Елена Стојанова Канзурова, кустос советник; член на тимот за реализација: Тони Митрев, техничко лице за одржување, д-р Перо Синадиновски, археолог, надворешен соработник, Наталија Марчевска, археолог, Дончо Наумовски, одржување на веб-страница.

Со оглед на висината на одобрените средства за работа на установата, оваа година тековно се одржуваше локалитетот и Музејот под отворено небо Тумба Маџари од страна на Тони Митрев. Годинава се обновија фасадите на куќите во неолитското село, се работеше и тековно се работи на одржувањето на големата површина со зеленило. Набавена е плетена трска во снопови за потребите на дел од градбите (куќите и оградата). После долгогодишни напори и разговори, во јуни годинава, конечно се потпиша *Договор за право за користење на недвижност меѓу ЕВН АД Македонија и Археолошкиот музеј*. Со овој договор, ЕВН му ја додели КП 570/4 (во границите на културното добро – локалитетот Тумба Маџари) на Археолошкиот музеј за долгорочно користење, односно вршење археолошки истражувања на простор од 6.198м2.

**Преведени и реализирани се 200.000 ден.** Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

Во прилог фотографии од реализацијата на проектот:









**Освежување и обновување на фасадите на градбите – куќите и недвижниот инвентар во “Неолитското село“**







**Одржувањето на големата површина со зеленило во “Неолитското село“ - археолошки локалитет Тумба Маџари во Скопје**

# МЕЃУНАРОДНА ДЕЈНОСТ

## 1. Реализација на изложбата „107 години Требениште“ во Белград, Србија

Раководител на проектот: д-р Перо Арџанлиев, кустос советник; членови на стручниот тим: Емилија Димковска, виш конзерватор, Татјана Стојоска Видовска, виш кустос при НУ Завод за заштита на спомениците од културата и музеј-Охрид, Биљана Балева, виш конзерватор при НУ Завод за заштита на спомениците од културата и музеј-Охрид, Иван Малезанов, кустос при НУ Завод за заштита на спомениците од културата и музеј-Охрид, Климент Балев, препаратор при НУ Завод за заштита на спомениците од културата и музеј-Охрид, Благоја Китановски, кустос, Миле Илоски, археолог,

надворешен соработник.

- Направена е проверка на состојбата на целокупниот археолошки материјал кој ќе учествува на меѓународната изложба „107 години Требениште". Станува збор за 181 артефакти изработени од злато, сребро, килибар, бронза стакло и железо.
- Направена е фотодокументација на гореспоменатиот значаен археолошки материјал.
- Формирана е комисија за проценка на музејските предмети со Арх.бр. 02-275/2 од 04.04.2025 година;
- Напаравен е записник од комисијата за проценка на музејските предмети со Арх.бр. 02-275/3 од 04.04.2025 година.
- Направени се листи за проверка на состојбата на предметите со детали за состојбата на предметите со цел нивно враќање во неизменета состојба (Пример во продолжение).

## CONDITION CHECKING REPORT

Information about the museum – keeper of the cultural good

National Institution Archaeological Museum of the Republic of North Macedonia, Skopje represented byMagdalena Manaskova

| | |
|---|---|
| **I. Photo** |  |
| **II. Condition report** | The mask is extremely fragile.A fragment of the left edge is missing.There is a crack on the chin area as well as on the upper right edge.Small deformations all over the surface. |
| Applique, gold | Mask |
| 2. Inventory N | ZMO A-175 |
| 3. Dimensions | W-17.2 cm, H-15.5 cm, T-0.01 cm. |
| 4. Weight | 21.24g |
| 5. Material/technique | gold |

Изработени се лежишта за секој предмет од соодветни стиропорни табли во кои се додава и сунѓер со цел максимална заштита на артефактите при нивен транспорт.
Набавена е и бескиселинска хартија во кои се обвиткани предметите со цел да се спечат сите надворешни влијанија врз артефактите за време на нивниот транспорт. За поситните предмети набавени се соодветни пластични кутии со сунѓер во внатрешноста заради безбедно чување и транспорт.
Изработени се подлоги од855 вералит (тенок плексиглас) за артефактите изработени од тенки златни фолии со цел нивно фиксирање и нивна заштита при понатамошното ракување и транспорт на истите.

**Преведени се 345.000 ден. Реализирани се 245.000 денари.** Останувaат нереализирани средства во износ од 105.000 денари кои нема да се трошат заради неможноста да се организира изложбата поради неповолната политичка ситуација во Р.Србија заради која Владата на Р.Србија не е во можност да ги издаде потребните гаранции.

Кога ќе се создадат соодветни политички и безбедносни услови останува да се организира транспортот и потребните документи за изнесување на културнитер добра преку границата на нашата држава. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

## Инвестициско одржување и набавка на опрема

1. **Поправка на клима коморите** во износ од **800.000** ден., за што во Министерството за култура и туризам е доставена целата документација.

## Литература и издавачка дејност

**1. Архитектонски елементи од Епископската базилика во Големо Градиште кај Коњух, Кратово**

Раководител на проектот и автор на монографијата: м-р Радомир Ивановиќ, кустос.

Монографијата „Архитектонски елементи од Епископската базилика во Големо Градиште кај Коњух, Кратовско” е објавена двојазично, на македонски и англиски јазик во тираж од 300 примероци. Националниот археолошки музеј организираше промоција на монографијата на 12.03.2025. Пред почетокот на промоцијата предавање за камените студии во археологијата - од римските каменоломи до саркофази, одржа проф. д-р Бојан Џуриќ од Универзитетот во Љубљана. Монографијата ја промовираа

**Преведени и реализирани се 60.000** ден, како пренесена обврска од 2024 година. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.








## ПРОГРАМА КРЕАТИВНА ЕВРОПА 2021-2027

**Проект „Прометеј – промовирање на универзалните вредности преку дигитална епиграфика и културно наследство“**

Проектот е реализиран во времетраење од 24 месеци (1.1.2024 – 31.12.2025 година). Националниот археолошки музеј беше координатор на проектот, а учесници беа: Балканолошкиот институт при САНУ, Белград, Р. Србија; Филозофскиот факултет при Универзитетот во Белград, Р. Србија; Универзитетот Св. Климент Охридски, Софија, Р. Бугарија и Филозофскиот факултет при УКИМ, Скопје.

Проектот е кофинансиран од програмата Креативна Европа потпрограма Култура на Европската комисија, а во финансирањето учествуваа и министерствата за култура на Македонија, Србија и Бугарија, како и установите учеснички.

Епиграфските споменици се важен дел од културното наследство и вреден извор на информации за минатото. Тие сведочат за сите аспекти на човечката цивилизација и претставуваат корисна алатка за препознавање и промоција на универзалните човечки вредности. Во последните децении, епиграфиката значително се разви како дигитална област. Постојат различни дигитални корпуси и иницијативи кои ја промовираат употребата на дигиталната технологија за доближување на содржината на натписите до пошироката публика. Земјите од Југоисточна Европа и Балканот располагаат со значајно хеленско и римско епиграфско наследство, но нивните дигитални ресурси во областа на епиграфијата се недоволно развиени, а музеите имаат потреба од нови модели за развој на публика. Во такви околности, придонесот на проектот „Прометеј“ е од исключително значење: тој ги обедини експертите од Македонија, Бугарија и Србија и ја создаде првата заедничка дигитална колекција на натписи и приказни од трите земји. Во текот на проектот беа опфатени различни групи на локална публика и тие беа вклучени во заеднички искуства што го поттикнаа препознавањето на универзалните човечки вредности споделени преку локалното културно наследство.

Согласно со планот и динамиката за реализација на проектот, серијата хибридни предавања за хеленската и римската епиграфика, во 2025 година продолжи на 14 март 2025 година со предавање на проф. Војин Недељковиќ на Филозофскиот факултет во Белград, со наслов „Тажната судбина на еден мирен граѓанин: читање на надгробниот споменик IMS 4.39“, кое беше емитувано онлајн преку Zoom и YouTube. Следното предавање од серијата беше насловено „Натписите како историски документи: Римска Македонија меѓу Истокот и Западот“. Предавањето го одржа д-р Славица Бабамова на 15 мај 2025 година на Филозофскиот факултет во Скопје и онлајн, како координатор на проектот и кустос советник за епиграфика и камена пластика во Националниот археолошки музеј. Предавањето беше емитувано онлајн преку Zoom и на YouTube каналот на проектот.






Од 20 до 22 мај 2025 година во Скопје, во просториите на Националниот археолошки музеј и во Лапидариумот во Куршумли ан се одржа „Втората работилница на Прометеј за претставување, дисеминација и развој на публика во областа на епиграфското наследство“. Настанот беше исполнет со интересни професионални согледувања и инспиративни моменти. Учесниците – професионалци од заводите и музеите во земјава, студенти, универзитетски и средношколски наставници од Бугарија, Македонија и Србија, заедно со членовите на проектниот тим и истакнати предавачи од Грција (Paschalis Paschidis), Германија (Klaus Hallof, Julien Ogereau), Италија (Marta Fogagnolo и Alice Bencivenni), Бугарија (Цветан Василев), Македонија (Даниела Тошева, Василка Димитровска), имаа единствена можност да учат и да дискутираат за проучувањето, објавувањето, претставувањето и дисеминацијата на епиграфското наследство од нови перспективи.

Учесниците и предавачите го истражуваа културното наследство на Македонија, како и моделите за развој на публика преку практични сесии во Лапидариумот, Старата чаршија и Националниот археолошки музеј во Скопје, на археолошкиот локалитет Скупи кај Скопје и на археолошкиот локалитет Стибера, кај прилепското село Чепигово, како и во Заводи Музеј - Прилеп.











Нашите колеги од бугарскиот тим на проектот во јуни 2025 година ги посетија учениците од Француската гимназија „Алфонс де Ламартин“ во Софија, каде што латинскиот јазик е дел од наставната програма. Тие претставија прекрасен и трогателен стихуван епитаф од градот Никопол на Дунав, посветен на споменот на Аjлија од нејзиниот сопруг, вклучен во дигиталната збирка и платформата за раскажување приказни на „Прометеј“.

Меѓународниот симпозиум, насловен „Engraving Universal Values (Врежување на универзалните вредности)“ се одржа во Белград од 18 до 20 септември 2025 година, во Палатата на САНУ, а беше пренесуван и онлајн преку YouTube каналот на проектот. Овој научен настан, исполнет со инспиративни истражувања, нови согледувања, откритија и динамични дискусии, обедини истражувачи и музејски професионалци кои работат на епиграфски и проекти од областа на културното наследство од Србија, Бугарија, Македонија, Италија, Шпанија и Црна Гора. Учесниците имаа можност да се вклучат и во динамична Heritage работилница на Тврдината Калемегдан, како и да учествуваат во практични сесии во Лапидариумот во Барутаната.






Во октомври 2025 година беше пуштена во употреба веб-страницата на проектот „Прометеј“ ([https://prometheus-epigraphy.eu/mk/](https://prometheus-epigraphy.eu/mk/)), која претставува главен канал за комуникација и дисеминација на проектот. Таа е дизајнирана со цел да обезбеди суштински информации за проектот, да споделува новости за тековните активности и настани, да ја промовира дигиталната епиграфика и културното наследство, како и да служи како платформа за претставување на главниот резултат од проектот: дигиталната збирка натписи од Македонија, Србија и Бугарија.

Веб-страницата ги поседува сите неопходни карактеристики и функционалности за исполнување на своите цели. Таа функционира врз основа на содржински менаџмент систем и вклучува front-end алатка за обработка на XML-датотеки за базата на податоци EpiDoc, како и навигациска лента со менија како што се *Натписи*, *Индекси*, *Прирачник*, *Приказни* и *Проект*. Збирката опфаќа натписи од три римски провинции кои датираат од периодот на раниот принципат (I–III век н.е.) и е достапна на веб-страницата на проектот.




Натписите се кодирани со употреба на маркап јазици како што е TEI XML. Овој процес опфаќа транскрипција на текстот, означување на неговите карактеристики (како што се скратеници, лигатури и прекини на редови), како и обезбедување метаподатоци (потекло, датум и материјал). Ваквиот начин на

обработка им овозможува на истражувачите да пребаруваат, споредуваат и анализираат натписи во различни контексти. Покрај самата транскрипција, дигиталната епиграфика, самата веб-страница интегрира семантички информации, на пример преку поврзување на лични имиња со просопографски бази на податоци или идентификување географски локации. Дигиталните алатки овозможуваат и интерактивни визуелизации на натписите, со што се овозможува нивно просторно, временско или критериумско истражување. Во рамките на дигиталната збирка се изработени и аудио-видео приказни на македонски и на англиски јазик. Преку QR кодови поставени во лапидариумот на постојаната поставка на Националниот археолошки музеј, историјата на античка Стибера стана поблиска до широката публика. Со QR кодови е збогатен и едукативниот простор на Музејот. Восочната фигура на познатиот Лихниѓанец Аврелиј Кратет сега е поврзана со приказна која го опишува неговото време на живеење. Користењето на аудио-фајлови е погодно за лицата со посебни потреби, со што Музејот ја продолжува својата мисија како општествено одговорен субјект.






Главните цели и активности на проектот „Прометеј“ ги споделивме на повеќе настани:

Проектот „Прометеј“ беше успешно претставен како позитивен пример на иницијативите на Creative Europe и на Транснационалниот настан за културно наследство и европска соработка, одржан во Скопје на 14–15 октомври 2025 година. Настанот беше организиран од Министерството за култура и туризам во партнерство со Делегацијата на ЕУ и Europe House во Скопје. На настанот, клучните придобивки и достигнувања на проектот беа претставени од д-р Славица Бабамова, координатор на проектот и проф. д-р Елена Цукеска од Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Презентацијата поттикна инспиративни разговори и доби позитивни реакции од присутните.






Нашите колеги од бугарскиот проектен тим, проф. д-р Димитар Илиев (координатор на проектот) и Добромир Добрев, го претставија проектот на 5-тата DARIAH-HR меѓународна конференција „Digital Humanities & Heritage 2025“ (22–24 октомври 2025 година), организирана од Josip Juraj Strossmayer University of Osijek. Настанот обедини експерти од областа на културното наследство, уметноста и дигиталните хуманистички науки од цела Европа.

Во текот на ноември и декември 2025 година, последните два месеци од проектот „Прометеј“, членовите на тимот организираа и реализираа серија дисеминациски настани во Скопје, Битола, Софија и Белград, со физичко присуство и онлајн. Настаните беа медиумски покриени и претставуваа одлична можност сите што две години посветено работеа на остварување на проектните цели да ја претстават епиграфската дигитална збирка и приказните пред пошироката и стручната јавност, да ги споделат своите искуства и да добијат повратни информации за својата работа.

Првиот настан беше презентацијата одржана на 24 ноември 2025 година во Националниот археолошки музеј во Скопје. Дигиталната збирка и платформата за раскажување приказни беа претставени пред разновидна публика (музејски професионалци, универзитетски професори и студенти, наставници и ученици од средни училишта, новинари и пошироката јавност), заинтересирана за античката историја и дигиталните иновации. Следниот настан, организиран од тимот од Македонија, беше работилница одржана во Битола на 25 ноември 2025 година со учениците од ОСМУ „Д-р Јован Калаузи“.





 

Бугарскиот тим организираше јавна презентација на проектот на 5 декември 2025 година во Ректоратот на Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски“ во Софија, Бугарија. Проф. д-р Димитар Илиев, проф. д-р Николај Шаранков и другите членови на бугарскиот тим се собраа во Ректоратот за да го претстават двегодишниот труд на проектот пред локална публика и онлајн присутни, вклучувајќи ја дигиталната збирка на антички натписи од териториите на Бугарија, Србија и Македонија, веб-страницата и платформата за раскажување приказни, како и научните истражувања што стојат зад проектот. Дополнителен настан организиран од бугарскиот тим беше работилница одржана во Софија на 11 декември 2025 година со ученици од Националната природо-математичка гимназија. Работилницата ја водеше проф. д-р Димитар Илиев.

Петтиот дисеминациски настан се одржа онлајн. Нашите колеги од Србија, д-р Драгана Николиќ и м-р Јелена Вукојевиќ, организираа онлајн презентација за наставници од средни училишта во Белград на 22 декември 2025 година, првенствено наменета за наставници по класични јазици. Завршниот дисеминациски настан на проектот „Прометеј“, „Prometheus Matinée“, се одржа на 26 декември 2025 година и ги обедини студентите по класични студии од Универзитетот во Белград на дискусија за концептот, целите, методологијата и резултатите од проектот. Настанот се одржа на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Белград, на Одделот за класични студии, во салата „Милан Будимир“.

## Вонпрограмски активности

**Тековни активности:**

НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија–Скопје во првата половина на 2025 година во најголем дел ги реализираше тековните активности кои произлегуваат од основната дејност која ја извршува музејот (стручно-научна обработка, документирање и фотографирање на музејски предмети и материјал, конзервација на предмети од музејските збирки, подготовка на текстови за публикации). Музејот ги извршуваше и своите обврски согласно Законот за музеите и Законот за заштита

на културното наследство како матична установа од областа на археологијата преку учество во комисии за стручна контрола, непосредна заштита, конзерваторски надзор и комисии за прием на извршени работи на конзерваторски проекти за движно културно наследство; учество во комисии за издавање стручни мислења од областа на движното археолошко културно наследство, учество во комисии за ревалоризација на недвижното археолошко културно наследство; укажуваше стручна помош на други сродни институции во областа на археолошката и музејската дејност.

**Подготовки за отворање и отворање на нова постојана музејска поставка**

Во 2010 година, со одлука на Владата на Република Македонија беше основана нова Национална установа Археолошки музеј на Македонија, самостојна музејска институција формирана со преземање на стручниот кадар и археолошките збирки од Музејот на Македонија, официјално отворен во 2014. Од објективни причини,15 години не беше завршен процесот на официјално примопредавање на археолошкиот материјал помеѓу двете институции, што резултираше со големи потешкотии во функционирањето на институцијата што е меѓудругото и една од причините што музејот 7 години немаше комплетна постојана поставка. За среќа, наидовме на разбирање годинава и голема поддршка од Владата, како и Министерството за култура и туризам интензивно се работеше на надминување на овој проблем. Со одлука на Владата за изменување на одлуката за основање на институцијата (бр. 50-6957/10 од 29.07.2025 година) конечно музејскиот фонд на археолошки предмети и археолошки музејски материјали е во сопственост на нашата институција. На големо задоволство на сите вработени, можеше да се пристапи кон повторно отворање на постојаната музејска поставка, но и со други проекти и активности поврзани со музејскиот материјал. За само еден месец, 36 кустоси, конзерватори и документатори, 15 надворешни соработници, со голема помош од останатиот музејски персонал, деноноќно работеа и успеавме да подготвиме нова музејска поставка. Во период на брзи и фундаментални општествени промени, многу е природно, а и препорачливо, луѓето што директно се поврзани со музејската дејност, да си ги поставуваат прашањата: Зошто постои овој музеј? Колку е релевантен и колку одговара на потребите и состојбите во општеството во кое егзистира? Која е неговата главна задача и како се мери неговиот успех. Трагајќи по одговорите, пристапивме кон развивање на нов концепт, малку поразличен од претходниот. Основна цел на Националниот археолошки музеј и она кон што се стремиме е да креираме музеј што постои за посетителите, а не за луѓето кои работат во него. Затоа се концентрираме на оние аспекти кои најдиректно придонесуваат кон привлекување и задоволување на посетителите. Сакаме одењето во музеј да го претвориме во активно искуство без да ја нагласуваме премногу намерата за едукација. Како археолошки музеј, наша основа се предметите од минатото, а дијапазонот на мисли и емоции што може да ги содржи еден предмет е многу широк, од едноставна причина што не постојат две човечки битија кои ќе го доживеат искуството на идентичен начин. Целта ни беше да креираме тивка, релаксирана атмосфера, место за одмор, место за фантазирање и контемплација. Затоа восочните фигури ги сместивме во делот за едукација, а главни ѕвезди на поставката се археолошките предмети, тоа е она што сакаме посетителите да го запаметат кога ќе излезат од музејот. Информациите ги пласираме слоевито, имаме предвид дека постои лимит колку некој може и сака да научи при посетата. Она што се бара од музеите денес е многу посуптилно и покорисно - да се наговести идејата, да се потсети посетителот дека музејските предмети егзистираат како мостови меѓу минатото и сегашноста и дека нашите предци имале уверувања различни од нашите. Во денешно време информациите ги добиваме од многу различни извори. Она што не може да се добие без да се посети музеј е магијата на предметите и

чувствата што тие ги предизвикуваат. Успешен избор на предмети, внимателно селектирани, им дозволува на посетителите да апсорбираат одредени информации без многу текст и придружни елементи. За збирките да можат да ја исполнат својата улога на комуникација со минатото, тие мора да се поврзат со посетителот и емоционално, не само интелектуално. На површина од 6000м2, преку изложените 5000 артефакти распоредени во 18 оддели, сакаме да ја раскажеме историјата на нашата земја, но и да креираме вредности. Свеченото отворање беше дел од официјалната програма на Владата за одбележување на 8 Септември, а поставката ја отворија Премиерот Христијан Мицковски, министерот за култура и туризам Зоран Љутков и директорката на музејот Магдалена Манаскова. Новата постојана музејска поставка опремена со комплетно нови придружни елементи (информативни табли, фотографии, бројки, постаменти, QR кодови) **е целосно финансирана од сопствени средства на НУ Археолошки музеј на Р.С. Македонија во висина од 854.161 денари**. Комплетно е преадаптиран дел од музејот за нова нумизматичка поставка чие отворање е предвидено за 2026 година. **За таа цел од буџетот на Археолошки музеј се издвоени 729.600 денари.**










**Изложба „Архајската некропола во Корошишта - случајно откритие со големо значење“**

Во исто време со постојаната музејска поставка се отвори и големата изложба „Архајската некропола во Корошишта - случајно откритие со големо значење“ на кураторите Перо Арџанлиев и Илија Бошковски. Домашната, но и светската јавност остана импресионирана од минатогодишното откритие на колегата д-р Перо Арџанлиев и неговиот тим. Се сложивме дека за разлика од праксата во минатото, ќе се потрудиме колку што е можно побрзо овие ексклузивни наоди да ги презентираме пред јавноста. Со средства обезбедени преку годишната програма на Министерството за култура и туризам за финансирање на проекти од национален интерес, во рекордно време се завршија конзерваторските истражувања и се изработи проект за конзервација на 112 предмети. Изложбата ги презентира најголем дел од предметите чија конзервација е комплетно завршена. Стручен тим од Археолошки музеј за подготовка на изложбата: Александра Чевреска, Марија Видеска, Љубица Ѓорчева, Васил Николовски, Ангела Витановска, Лора Макриева, Марјан Милановски, Александар Шарковски. Дизајн на изложбата: Јован Ивановски, графички дизајн: Емилија Ташкова, фотографии: Миле Илоски, Перо Арџанлиев и Иван Малезанов. **Изложбата во целост е финансирана со сопствени средства на Археолошкиот музеј**. Ќе биде отворена до март 2026 година.






**Изработка на три промотивни спотови за подигнување на свесноста за заштита на археолошките локалитети од загадување и промоција на културното наследство.**

Културното наследство заслужува почит и чиста околина е поднаслов на овој нов проект на Археолошкиот музеј, а во согласност со актуелните насоки на ИКОМ за одржливост и заштита на културните добра. Археолошкиот музеј реализираше три кратки видео спотови за подигање на свеста за проблемот со отпадоците на археолошките локалитети. Спотовите се снимаа на археолошките локалитети Голема Пешт, с. Здуње, Тумба Маџари, и во постојаната музејска поставка. Се реализираа во соработка и партнерство со Пакомак и здружението Модернизам и ренесанса. Оваа кампања наиде на одличен прием кај пошироката јавност, а како илустрација е податокот дека спотовите во просек имаат над 100.000 прегледи само на социјалната мрежа Инстаграм.







**Изработка на мобилна апликација за нумизматичката колекција на НУ Археолошки музеј на Р. С. Македонија**

Новата мобилна апликација на Археолошкиот музеј, посветена на богатата нумизматичка колекција содржи монети од античката нумизматичка збирка на музејот. Апликацијата е бесплатна за преземање и е достапна на App Store. Изработена е во партнерство со фирмата за мобилни апликации OVDEVO од Охрид, а консултант од Археолошкиот музеј при изработката беше кустос советник м-р Сања Битрак. Во тек е изработката и на верзија за Android корисниците, која наскоро ќе биде достапна.

Апликацијата е достапна на следниот линк:
https://apps.apple.com/app/apple-store/id6751409915?pt=128080742&ct=amm-ig&mt=8




**Учество на манифестацијата Европски денови на културното наследство**

Од 23 до 29 септември 2025 се одржаа Европските денови на културното наследство. Оваа година темата е „Architectural Heritage: Windows to the Past, Doors to the Future“.

Нашиот музеј се приклучи кон одбележувањето со специјална програма: слободен влез за сите посетители на 25.09.2025, отворен ден со презентација и програма на локалитетот и музеј на отворено на Тумба Маџари со наслов „Што лежи под нашите нозе? – Тајните на Тумба Маџари на 29.09.2025, како и работилница за деца „Час по археологија“ на 26.09.2025, при што малите археолози, заедно со своите родители, тргнаа по трагите на минатото скриени во нашата постојана поставка и имаа можност да ги откријат тајните на древните предмети. Во креативниот дел од работилницата, со многу фантазија и радост, тие создаваа сопствени „археолошки откритија“ преку работа со различни материјали. Ваквите моменти потсетуваат дека музејот не е само место за чување на артефакти, туку и жива училница каде наследството инспирира нови генерации.

**Учество на манифестацијата Меѓународен ден на археологијата**

Како археолошки музеј од особено значење за нас е прославата на Меѓународниот ден на археологијата на 18 октомври 2025г. За прв пат годинава се вклучивме со посебен онлајн настан во официјалната програма во организација на Археолошкиот институт на Америка. Во рамките на прославата беше прикажано кратко видео составено од пет археолошки ископувања реализирани од страна на музејот во 2025 година. Секој дел ги прикажува откритијата, тимската работа и посветеноста на

нашите археолози во откривањето и толкувањето на минатото. Посетителите беа поканети да уживаат во бесплатен влез во Музејот на денот на настанот.

**Учество на 56. Меѓународен саем за туризам во Нови Сад, Р. Србија**

Македонија беше земја партнер на 56. Меѓународен саем за туризам во Нови Сад што се оджа од 27 до 29 ноември, како еден од најзначајните туристички саеми во регионот.
На свеченото отворање присуствуваше министерот за култура Зоран Љутков, кој ја истакна важноста на промоцијата на македонската културна и туристичка понуда пред меѓународната публика. Археолошкиот музеј на Македонија зема активно учество во поставката, претставувајќи дел од богатото културно и историско наследство кое ја обликува нашата држава. Нашиот ангажман уште еднаш ја нагласува улогата на музеите како мост меѓу минатото и современите туристички вредности. Во рамки на официјалната презентација, организирана од Министерството за култура и туризам, реализиравме целодневна работилница за најмладите посетители. Децата со голем интерес учествуваа во креативни археолошки активности и ја откриваа приказната за нашето богато културно наследство.







**Учество во археолошки истражувања и договори за соработка со други установи:**

Потпишан е договор за учество на стручни лица од НУ Археолошки музеј на РСМ со НУ Конзерваторски центар – Гостивар за археолошки истражувања на локалитетите Равен, Ѓоновичко Кале-Калаја и Папрадиште како дел од Годишната програма за работа на НУ Конзерваторски центар – Гостивар за 2025 година поддржана од Министерството за култура и туризам.

Потпишан е Договор за соработка со НУ национален конзерваторски центар - Скопје за учество на стручни лица и депонирање на археолошки материјал при реализација на проектот за систематски археолошки истражувања на лок. Градиште во с. Горна Бањица, со изградба на Коридор 8, делница на

автопат Тетово-Гостивар, општина тетово, општина Боговиње, општина Брвеница, општина Гостивар и општина Врапчиште.

Потпишан е Договор за соработка со Институтот за национална историја - Скопје за заедничка реализација на проекти, конференции и публикации. Заеднички е реализиран проектот „Кратовско-злетовскиот регион низ историјата.

Потпишан е Договор за соработка со Музеј на град Скопје и НУ Конзерваторски центар - Скопје за изложување на предмети од археолошкиот локалитет Скупи во постојаната музејска поставка на Археолошки музеј.

Потпишан е Договор за соработка со НУ Завод и музеј Охрид за заедничка реализација на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на културното наследство.

Потпишан е Договор за соработка со НУ Завод и музеј Струмица за заедничка реализација на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на културното наследство.

Потпишан е Договор за соработка со НУ Др. Никола Незлобински – Струга за заедничка реализација на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на културното наследство.

Потпишан е Договор со НУ Завод и музеј Битола за заедничка реализација на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на културното наследство.

Потпишан е Договор со НУ Музеј Гевгелија за заедничка реализација на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на културното наследство, како и времено преземање предмети за постојаната музејска поставка на Археолошки музеј.

Потпишан е Договор со ЛУ Народен музеј Велес за времено преземање на предмети за постојаната музејска поставка на Археолошки музеј.

Потпишан е Договор за соработка со НУ Завод и музеј Штип за времено преземање на предмети за постојаната музејска поставка на Археолошки музеј и за заедничка реализација на проекти од областа на музејската дејност и заштитата на културното наследство.

Врз основа на потпишаните договори, стручни лица од НУ Археолошки музеј на РСМ учествуваа, но и раководеа со проекти за археолошки истражувања на соодветните институции. Археолошките предмети од дел од истражувањата се депонирани во Археолошкиот музеј за понатамошна стручна и научна обработка.

**Изложби, предавања, работилници**

- Едукативна недела: подарок за најмладите посетители. Сите деца до 12 години кои го посетија музејот ја добија на подарок едукативната сликовница „Запознавање со минатото“ од м-р Анета фиданоска.
- Музејот успешно се презентираше пред жири комисијата за доделување на балканската музејска награда Жива и успеа да се пласира како еден од финалистите за добивање на ова престижно признание.

- По повод денот на музеите со свои предавања во музејот гостуваа проф. Д-р дејвид Џордан од универзитетот Џон Мурс во ливерпул и еден од водечките европски археолози, проф. Д-р мануел Фернандез Гетц од Универзитетот Оксфорд.







- Предавање за новите перспективи и апсолутни дати кај праисториските погребувања на локалитетот Мали Дол одржа д-р Александра Папазовска, кустос советник за железно време.




- Се отвори времената изложба „Праисториски погребувања-нови пристапи и перспективи“, во чии рамки кураторот на изложбата д-р Александра Папазовска направи селекција на нови, неизложувани наоди од две погребувања од некрополата Мали Дол.

- Се реализираа три едукативни работилници за деца „Го обликувам својот личен предмет“. Археолози, едукатори и конзерватори ги запознаваа учесниците со начинот на изработка, техниките и намената на предметите од бронзеното време.

**Потпишување, учество и реализација на меѓународни договори, проекти и меморандуми за соработка:**

Реализација на меѓународниот проект „Погранични студии. Истражувања на идентитетите и културните контакти во пограничната област на Античка Македонија“ (Frontier Studies. Investigation into Identity and Cultural Contacts in the Border Area of Ancient Macedonia). Националниот археолошки музеј во соработка со **Карловиот Универзитет од Прага, Р. Чешка** осма сезона по ред продолжуваат да го реализираат овој проект. Проектот претставува комплексно научно истражување кое користи различни пристапи и истражувачки методи, со цел преку ваквиот мултидисциплинарен пристап да го реконструира пејсажот и да ги забележи сите климатски и хидролошки промени во минатото на овој динамичен крајезерски регион со што би се утврдило нивното влијание врз секојдневниот живот на заедниците кои го населувале овој простор. Оваа година во фокусот на проектот се сондажните археолошки истражувања на лок.Градиште кај Долно Лакочереј, кои очекуваме да дадат одговор за формирањето на првите населби на врвовите на ридовите кои го опкружуваат езерскиопт брег. Паралелно со овие истражувања се вршат и геолошки истражувања во охридско-струшката рамнина со цел реконструкција на крајбрежието на охридското езеро во различни периоди во минатото. Покрај гореспоменатите институции во проектот учествуваат и Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј од Охрид, **Чешкиот геолошки институт од Прага и Германскиот археолошки институт.**

Националниот археолошки музеј и **Гетисбург Колеџот од Пенсилванија, САД**, ја реализираа 26-та сезона на археолошките истражувања на археолошкиот локалитет Големо Градиште кај с. Коњух, Кратовско. Оваа година, во фокусот на систематското истражување на доцноантичкиот град беше истражувањето на новооткриената Базилика Б, утврдувањето на хронологијата на северната тераса преку стратиграфска сонда, доистражување на комплексот на централната Епископска Базилика, како и истражувањето на сегмент од бедемот на градот на југозападниот крај на северната тераса. Мултидисциплинарниот пристап во истражувањето на градот е збогатен со нововоспоставената соработката на Археолошкиот Музеј со **Универзитетот Џон Морс, од Ливерпул, Обединето Кралство**, чиј стручен тим и студенти спроведоа геофизички и геоархеолошки истражувања на локалитетот. Реализацијата на овогодинешните истражувања е помогната и со учеството на стручни лица и студенти од **Универзитетот Сајмон Фрејзер од Ванкувер, Канада**, нашиот нов северноамерикански партнер во проектот. Од оваа година, локалитетот Големо Градиште – Коњух се стекна со статус на споменик на културата од особено значење. Тоа е истовремено и валоризација на стручноста, посветеноста и придонесот на бројните учесници и соработници во истражувањето, заштитата и промоцијата на Големо Градиште пред домашната и светската археолошка јавност, во континуитет од речиси три децении. Истражувањата се финансирани од Гетисбург Колеџот од Пенсилванија, САД, Универзитетот Џон Морс и од сопствени средства на Националниот археолошки музеј.

Во рамките на меѓународната соработка и Договорот потпишан во октомври 2025 година, археолошките истражувања на локалитетот Стакина Чешма беа финансиски поддржани и од **Институтот за археологија при Универзитетот Никола Коперник од Торуњ, Полска.**

Преку остварената соработка и обновените Договори за соработка, со меѓународна финансиска и логистичка поддршка се истражуваше и локалитетот Милци, Гевгелија, преку соработката со **Одделот за праисториска археологија и археологија на западна Азија/североисточна Африка при Австриската академија на науките, Универзитетот Максимилијан Лудвиг од Минхен, Германија и РКГ Франкфурт, Германија**.

Со потпишување на Договор, археолошкиот локалитет Тумба Маџари доби на располагање дополнителен простор за научна работа и истражувања. Компанијата **„ЕВН Македонија“** му отстапи на

Археолошкиот музеј на Македонија сопствена парцела од 6.000 квадратни метри, до самиот локалитет, за долгорочно користење. Договорот го потпишаа директорката на музејот, Магдалена Манаскова, и претседателот на Управниот одбор на „ЕВН Македонија“, Волфганг Маиер. На настанот присуствуваа и министерот за култура и туризам, Зоран Љутков, и амбасадорот на Австрија, Мартин Памер. Овој договор за отстапување на парцелата е симбол на посветеноста за презентација на културното наследство и за заштита за идните генерации. Договорот е „основа за долгорочна соработка, која ќе овозможи подобри услови за работа, како и нови проекти на локалитетот. Ограничувањето на сопственоста значително влијаеше на просторот за работа на локалитетот и нè спречуваше во нашите напори за зачувување и за истражување на ова важно културно наследство. Музејот оствари значителен напредок, добивме поголем простор, кој ќе овозможи да го развиваме локалитетот на начин на кој заслужува.




На 11 јули 2025 година, Националниот археолошки музеј и **Институтот за историски истражувања при Националната хеленска фондација од Грција** потпишаа меморандум за меѓусебна соработка. Овој документ ја потврдува заедничката заложба за унапредување на истражувањата во археологијата, епиграфијата, античката историја и музеологијата. Соработката опфаќа заеднички истражувачки проекти, размена на стручњаци, организирање на изложби, симпозиуми и научни конференции. Меморандумот претставува значаен чекор во градењето на трајни научни и културни врски меѓу двете институции.

Потпишан меморандум за соработка помеѓу Археолошкиот музеј и **ЈУ Музеи и галерии Подгорица,** со кој се отвораат нови можности за заеднички проекти, размена на експертиза и соработка во областа на истражувањето, заштитата и промоцијата на културното наследство.

Во рамките на Договорот за соработка со **турскиот институт Јунус Емре**, претставник од Археолошки музеј учествуваше на меѓународната школа за археологија во периодот од 20 до 31 јули во Турција.

**Кампања за популаризација и промоција на НУ Археолошки музеј на Р. С. Македонија**

Во втората половина на 2025 година се стави посебен акцент на популаризација и промоција на активностите на музејот, а преку тоа и на нашето културно наследство. За таа цел во соработка со националните медиуми, телевизиски, пишани и електронски, беа реализирани голем број на гостувања, интервјуа и тематски прикази на нашите активности, поточно околу 30 тв прилози и исто толку статии во електронските медиуми во земјава и во странство.

Работата на НУ Археолошки музеј на Р. С. Македонија - Скопје беше признаена и наградена со наградата „18 Мај“ за музеј на годината, што по повод денот на музеите ја доделува МНК ИКОМ.



Директор

_________________

м-р Магдалена Манаскова